Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
AGJENCIA E ADMINISTRATES
Скопје-Shkup

| Примено: Pranuar: | 22.08.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Ед.ин. Nj. Org. | Број: Numer: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| 08 | -2373/1 | | |

Архивски знак: Shenja e arkivit:
Рок на чување: ______ год. Afati i ruajtjes:
______ 20 ___ година
Потпис Nënshkrimi

( Образец ПП……)

До

<u>**Агенција за администрација Република Северна Македонија**</u>

<u>**и лично до Директор на Агенција за Администрација**</u>
***д-р Ј***

<u>**(имател на информацијата)**</u>

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

**Од:**

**е-маил :**

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

**Согласно членовите 4, 6, 12, 15, 21 и 22 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( Сл весник на РСМ бр 101/2019 ) , чл 41 став 1, став 3 и став 5 од Законот за административни службеници ( Сл весник на РСМ бр 27/14,199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16, 11/18 и Сл весник РСМ бр 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24 ), чл 4 од Директива 2003/4/ЕО и одредбите на Архуската конвенција, во законски рок ве молам да ми ги доставите следните информации од јавен интерес, во вид на копија од оригиналите.**

1. ***Записник од спроведен испит за административен службеник бр 10-1133/7 од 14.07.2025год,***
2. ***Електронски запис од видео надзорот при полагање на испитот на ден 14.07.2025год кој врз основа на чл 41 став 1, став 3 и став 5 од Законот за административни службеници, се чува во рок од 2 години.***
3. ***Записник од извршена административна селекција за административен службеник бр 10-1133/6 од 27.06.2025год.,***
4. ***Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр 10-1133/9 од 18.07.2025год.,***

5. ***Предлог за вработување на кандидат по јавен оглас 437/2025, број 10-1133/10 од 18.07.2025год.***

6. ***Решение за формирање Комисија за селекција за вработување по јавен оглас , бр. 10-1133/5 од 23.06.2025год.***

7. ***Решение за измени и дополни на Решение за формирање Комисија за селекција за вработување по јавен оглас , бр. 10-1133/8 од 15.07.2025год.***

8. ***Број на Оглас и институција која го бара вработувањето на кандидати, по кој кандидатката , заведена во Агенција за администрација идентификациски со код „3817422'' , се пријавува со цел полагање на испитот за административен службеник- втора фаза, порано од предвидениот термин 14.07.2025 год.***

9. ***Записник и датум од спроведен испит за административен службеник за лице , со број заведен во Агенција за администрација-идентификациски код „3817422'' учесник на јавен оглас 437/2025.***

10. ***Електронски запис од видео надзорот при полагање на испитот втора фаза за кандидатката заведена во Агенција за администрација идентификациски со код „3817422'' кој врз основа на чл 41 став 1, став 3 и став 5 од Законот за административни службеници, се чува во рок од 2 години.***

11. ***Правилник за систематизација на работни места во АХВ - 01-7655/5 од 16.12.2015 год, со сите доополни и измени/консолидирана верзија или доколку не е објавена косолидирана верзија,***

12. ***Правилник за систематизација на работни места во АХВ со сите измени и дополни извршени од 01.01.2024 год до 31.12.2024 година, како и сите измени и дополни извршени од 01.01.2025 год до 15.08.2025 година.***

**Почитувани јас како кандидат на листа за избор на Јавен оглас бр 437/2025 објавен од Агенција за храна и ветеринарство, сум незадоволна од одговорот на жалба во врска со избор на кандидат поднесена до Агенција за администрација-Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен. Имено, како надлежна јавна институција не ја утврдила целосно фактичката состојба, што директно влијаело на законитоста на одлуката.**

**Од тука, барам од вас да ми ги доставите горенаведените податоци од јавен интерес врз оснаова на членовите 4, 6, 12, 15, 21 и 22 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер,**

**Барам информациите да ми бидат доставени во електронска форма ( скенирани PDF копии и видео надзорот ) на и препорачано по пошта со доставница или на рака на работно место во ПЕ Скопје на АХВ .**

**Молам да го применувате Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер примена на чл 6 став 3 за информации од јавен карактер.**

1. **Во случај дел од информациите да бидат одбиени, ве молиме решението за одбивање да биде образложено писмено со наведување на точни законски основи и да биде издвоено за секој документ поединечно, во согласност со чл 22 став 7 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.**

**Правна поука : Барателот не е должен да го образложи барањето но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.**

**18.08.2025 год., Скопје**